Напишано од Administrator
Сабота, 03 Мај 2014 10:04 - Последно освежено Сабота, 03 Мај 2014 13:23




Никаков! На 125 км/час фиќото се распаѓа... Евапоризира....

Оваа мала шега беше редовна во почетокот на 90-тите години на минатиот век кога толку многу посакуваниот капитализам продираше во македонското балканско гнездо во кое се испилуваа новопечените капиталисти (доскорешни социјалисти).



Се чини врвот на тоа идилично општество во кое декларативно зад плаштот на помпезната државна политика на претходната федерација, беше произвотството на сопствени автомобили. Споменикот на тоа општество добро познатото фиќо како и помпезно фалената Застава 101 како полуксузно возило од фиќото (која беше лимузина во споредба со малата прапорка), беа ништо во споредба на митолошкото Југо Корал, кое замислете беше целосно југословенски производ. За да имаш Југо корал дома, беше

семејна гордост а државата те гледаше како патриот од соништата. Со купувањето на Југо Корал секој инвестираше во својата економија, која не да беше зарибана до гуша, беше пропадната уште пред да започне да се развива...

Колку ли само бонови за храна мораа да се заштедат, колку ли само платежни чекови мораа да се испечатат за едно Југо или недај боже Застава...?

Дури и лебот слатко наречен "Лепа Брена" не беше предизвик во споредба со Југото...

Кога ке видиш Југо и Застава 101 паркирани едно до друго исто како Тито да си го видел.... Ако пак до нив имаше паркирано и фиќо, тоа ти е исто како Тито да ти мавнал со раката само на тебе....

Милина!

По распадот на заедничката држава и продорот на бесни машини од типот на Мицубуши, Хонда, Голф, Ламбурџини, овие велелепни убавици кои до вчера беа национална гордост мораа да си побараат преквалификација и адаптација за сопствените намени.


OG 92-35
Zastava
750
godina proizvodnje:
1980.
država proizvodnje:
Jugoslavija
obujam motora:
767 cm³
snaga motora:
18,5 KW
maksimalna brzina:
110 km/h
proizvedeno:
923 487 komada
MUZEJ

[illegible]


HN-FP 1